МИТ
УНИВЕРЗИТЕТ
бул. Трета македонска бригада бб, 1000 Скопје, Република Македонија
тел: ++389 (0)2 2402 373; факс: ++389 (0)2 2402 890
вебсајт: www.mit.edu.mk e-пошта: contact@mit.edu.mk

Во согласност со член 57 и 108 од Законот за високо образование (Службен весник на Р.М. бр. 35/2008), **Ректорската управа на МИТ Универзитетот -Скопје**, со седиште на ул. Трета Македонска Бригада бб, објавува

# К О Н К У Р С
## За запишување студенти во академската 2012/2013 година

## I. БРОЈ НА СТУДЕНТИ КОИ ЌЕ СЕ ЗАПИШУВААТ

Во прва студиска година, во академската 2012/2013 година на МИТ Универзитет Република Македонија, Скопје, на прв и втор циклус на студии (3+2) ќе се запишат вкупно 170 студенти на следните факултети односно студиски програми:

**1. МИТ Факултетот за менаџмент, насоки:**
- Менаџмент
- Безбедност и финансиска контрола
- Финансиски менаџмент
- Здравствен менаџмент
- Менаџмент на јавна администрација и локална самоуправа
- Бизнис менаџмент

**2. МИТ Факултетот за компјутерски науки и технологии, насоки:**
- Информациски технологии
- Информациски менаџмент
- Веб програмирање
- Системска Администрација
- Бизнис информатика
- Системско инженерство

**3. МИТ Факултетот за архитектура, насоки:**
- Архитектура
- Урбанизам
- Проектирање
- Дизајн

**4. МИТ Факултетот за менаџмент на еколошки ресурси, насоки:**
- Менаџмент на еколошки ресурси
- Агробизнис
- Менаџмент на водни ресурси
- Менаџмент на растителен и животински свет

**5. МИТ Факултет за менаџмент на еколошки и рурален туризам, насоки:**
- Еколошки и рурален туризам
- Еко туризам
- Рурален туризам

**6. МИТ Академијата за гастрономија**

## II. УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

**1.** Услов за запишување на прв циклус додипломски студии за лицата кои ќе матурираат во академската 2011/2012 година е положена државна матура или меѓународна матура.
Услов за запишување на втор циклус студии е кандидатот да има завршено- дипломирано на прв циклус додипломски студии кои се верифицирани од страна на Министерството за образование.
**2.** Право за запишување на прв циклус додипломски студии можат да имаат и лицата кои положиле училишна матура во гимназиско образование или завршен испит по завршено соодветно стручно образование со четиригодишно траење, доколку на конкурсот не се јават доволен број кандидати кои ги исполнуваат условите од точка 1.
**3.** Услов за запишување на прв циклус додипломски студии за лица кои завршиле образование во учебната 2006/2007 год. и порано е завршено четиригодишно средно образование во средни училишта, кои се верифицирани од страна на Министерството за образование и наука.

**4.** Право за запишување на прв циклус додипломски студии имаат и кандидати државјани на Република Македонија, кои средно образование студии завршиле во странство, како и странски државјани, кои имаат нострифицирани свидетелства за сите класови од средното образование и нострифицирана диплома за завршено средно образование..
Право за запишување на втор циклус студии имаат и кандидати државјани на Република Македонија, кои додипломски студии завршиле во странство, како и странски државјани со нострифицирана диплома.
**5**. Студирањето се изведува во просториите на МИТ Универзитетот во Скопје или преку далечинско учење (distance learning).
**6**. Кандидатите се запишуваат како редовни или вонредни студенти со самофинансирање на студиите.
**7.** Кандидатите се запишуваат без полагање приемен испит.
**8.** Вреднувањето на успехот на кандидатите се изразува во поени. Кандидатите можат да освојат најмногу 100 поени и тоа:
- Општиот успех постигнат по сите предмети учествува со 60 %,
- Успехот од државната матура, односно училишната матура или завршниот испит учествува со 40%.

Критериумот за упис на втор циклус студии е успехот постигнат на првиот циклус на студии.
**9.** Основни критериуми за селекција и рангирање на кандидатите за запишување на прв циклус додипломски студии за лицата кои завршиле средно образование во учебната 2006/2007 година и порано е успехот постигнат во средното образование.

**III. РОКОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ**

**1.** Пријавувањето и запишувањето на кандидатите на прв и втор циклус се врши од 15 август до15 октомври 2012 година.

**IV. ПОСТАПКА ЗА КОНКУРИРАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ**

**1.** Ректорската управа формира конкурсна комисија која ќе изврши вреднување на кандидатите и ќе објави преелиминарна листа, на која кандидатите можат да поднесат приговор. Приговорите се доставуваат до Ректорската управа на Универзитетот која донесува конечна одлука по приговорот.
**2**. Кандидатите склучуваат Договор за студирање со Универзитетот, со предходна уплата на уписнина во денарска противвредност од 500 евра.
**3.** МИТ Универзитет - Скопје, обезбеди студентите да можат да користат кредити за школување, преку партнерски банки на Универзитетот.

**V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА СТУДИИТЕ**

Времетраењето на студиите согласно Болоњската конвенција и Решенијата за акредитација на студиските програми на единиците при МИТ Универзитетот, изнесува три академски години за прв циклус студии и две академски години за вториот циклус на студии. На кандидатите кои имаат завршено соодветен прв циклус на студии во траење од четири години (240 кредити), во постапка ќе им бидат признаени најмногу до 60 кредити (чл.181 од ЗВО) и нивното студирање ќе трае најмалку една академска година. Времетраењето на докторските студии изнесува најмалку две години.

**VI. Документи за пријавување и запишување**

**1.** При пријавувањето за запишување, кандидатите ги поднесуваат следниве документи:
1. Пријавен лист за запишување (се добива на Факултетот);
2. Оригинални свидетелства од сите класови и соодветни документи за завршена матура (за студентите кои се запишуваат на прв циклус студии)
3. Диплома за завршен прв циклус студии (за студентите кои се запишуваат на втор циклус – постдипломски студии);
4. Извод од матичната книга на родените и
5. Доказ за државјанство на РМ.

МИТ
УНИВЕРЗИТЕТ
бул. Трета македонска бригада 6б, 1000 Скопје, Република Македонија
тел: ++389 (0)2 2402 373; факс: ++389 (0)2 2402 890
вебсајт: www.mit.edu.mk e-пошта: contact@mit.edu.mk

Документите се доставуваат секој ден од понеделник до петок од 08 до 18 часот, во просториите на МИТ Универзитетот во Скопје.

**МИТ Универзитет - Скопје**
**Тел. контакт:** **+ 389 (02) 2 402 373**
**E-mail:** **contact@mit.edu.mk**
**Web:** **www.mit.edu.mk**